Уп. Бр.08-84/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од на Руцио Инвестмент С.а.р.л (*Rucio Investment S.à r.l.)*, со регистрирано седиште на 5 руе Хеиенхафф, 1736 Сеннингерберг, Луксембурги на лицето Андреј Мертељ (*Andrej Mertelj*), Цеста в Згорњи лог 25, 1000 Љубљана, Словенија, преку полномошник Јасмина Илиева Јовановиќ, адвокат од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Келешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 05.07.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Руцио Инвестмент С.а.р.л (*Rucio Investment S.à r.l.)*, со регистрирано седиште на 5 руе Хеиенхафф, 1736 Сеннингерберг, Луксембург, со посточекиот акционер, Андреј Мертељ (*Andrej Mertelj*), Цеста в Згорњи лог 25, 1000 Љубљана, Словенија имаат намера да стекнат заедничка контрола над ДАТАЛАБ Технологије д.д. (*DATALAB Tehnologije d.d.*), акционерско друштво, со седиште на Хајдрихова улица 28Ц, 1000 Љубљана, Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 13.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација со која Руцио Инвестмент С.а.р.л (*Rucio Investment S.à r.l.)*, со регистрирано седиште на 5 руе Хеиенхафф, 1736 Сеннингерберг, Луксембург, со посточекиот акционер, Андреј Мертељ (*Andrej Mertelj*), Цеста в Згорњи лог 25, 1000 Љубљана, Словенија имаат намера да стекнат заедничка контрола над

ДАТАЛАБ Технологије д.д. (*DATALAB Tehnologije d.d.*), акционерско друштво, со седиште на Хајдрихова улица 28Ц, 1000 Љубљана, Словенија.

Во известувањето подносителите наведуваат дека на 19.05.2023 година Руцио донел одлука согласно која го одобрува влегувањето во Трансакцијата, под услов претходно да се исполнат одредени предуслови како и да се исполнат сите услови на Трансакцијата и документите поврзани со Трансакцијата, соодветно.
Согласно нивната сериозна намера да влезат во Трансакцијата, подносителите на известувањето ја предвидуваат Трансакцијата како што следува:
Руцио Инвестмент С.а.р.л заедно со некои од постојните акционери на ДАТАЛАБ Технологије д.д. (без контролно учество) меѓу кои Андреј Мертељ, имаат намера да направат заедничка понуда за преземање на сите акции на ДАТАЛАБ Технологије д.д. кои не се (директно или индиректно) во нивна сопственост и во сопственост од страна на лица кои дејствуваат усогласено со нив во моментот на објавување на понудата за откуп.По завршување на процесот на преземање, доколку се достигне прагот од најмалку 90,00%, Страните имаат намера да извршат принудна продажба (*squeeze-out*) на малцинските акционери во Целното Друштво.

Како резултат на Трансакцијата, Руцио Инвестмент С.а.р.л ќе стекне заедничка контрола заедно со Андреј Мертељ врз ДАТАЛАБ Технологије д.д. и неговите зависни друштва.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Деловната активност на Руцио Инвестмент С.а.р.л вклучува:
-поседување на удели во која било форма во компании во Луксембург и во странски компании, партнерства или други субјекти,
- стекнување преку купување, претплата или на друг начин, и пренос со продажба, размена или на друг начин на акции, обврзници, белешки и други хартии од вредност од секаков вид и
- стекнување, поседување, администрација, развој, управување и располагање со неговото портфолио.

Руцио Инвестмент С.а.р.л може да ги склучи сите договори кои се однесуваат на стекнување, претплата или управување со горенаведените инструменти и нивното финансирање Руцио Инвестмент С.а.р.л е во сопственост на Имкер Холдинг САРЛ (*Imker Holding SARL*), 5 руе Хеиенхафф, 1736 Сеннингерберг, Луксембург, која е матична компанија на Групацијата Имкер чиј најголем содружник со (индиректен) економски интерес од 40% е ЛРЈ Риддер ван Раппарт (*LRJ Ridder van Rappard*), физичко лице.
Групацијата Имкер (вклучувајќи го Руцио Инвестмент С.а.р.л и компаниите под контрола на ЛРЈ Риддер ван Раппарт) нема корпоративно присуство во Северна

Македонија. Групацијата на Стекнувачот, преку БР САС (*BR SAS*), каде што Стекнувачот има корпоративно учество, има остварено приход во Северна Македонија преку продажбата на производи за нега на кожа и козметички производи.

**Андреј Мертељ** нема контролирачки удел во која било друга компанија освен во однос на акциите што ги поседува во ДАТАЛАБ Технологије д.д.  и Даталаб Агро д.д. Даталаб Агро д.д. е различен субјект од ДАТАЛАБ Технологије д.д. , кој не е активен во последните 4 години. Не постои вкрстена сопственост или друга поврзаност помеѓу овие две друштва.

**ДАТАЛАБ Технологије д.д.**  е со регистрирана деловна активност: издавање на друг софтвер. Акциите на ДАТАЛАБ Технологије д.д.  котираат на Љубљанската берза. ДАТАЛАБ Технологије д.д.  е присутен преку неговите зависни друштва во директна сопственост во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија, додека производите на Даталаб се присутни во Црна Гора, Албанија и Косово преку компании поврзани со ДАТАЛАБ Технологије д.д. .

Во Република Северна Македонија ДАТАЛАБ Технологије д.д.  има едно зависно друштво , Друштво за проектирање и развој на информатички системи ДАТАЛАБ МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на булевар 8ми Септември бр.2/2-5, Скопје, со регистрирана приоритетна дејност: компјутерски консултантски дејности.

ДАТАЛАБ Технологије д.д.  заедно со неговите зависни друштва нудат деловни ИТ решенија за средни и мали претпријатија. Главниот производ е деловен софтвер кој ги поддржува клучните деловни функции потребни за ефикасно управување со бизнисот на ниво на претпријатие или гранка, како што се управување со финансиите на компанијата, автоматизирање на функциите за продажба и маркетинг на компанијата или управување со ресурсите вклучени во корпоративни проекти.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**